
# ЕКОНОМСКИ КАНАЛИ НА СТРАНСКО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ



СКОПЈЕ, 2026 ГОДИНА

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. Јуриј Гагарин 17/1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
д-р Жанета Трајкоска

**Автор:**
Институт за комуникациски студии

**Уредник:**
Бојан Георгиевски

**Едиција:**
ResPublica

**Лектура:**
Симона Груевска-Маџоска

**Графички дизајн:**
Зоран Кардула

**Графичко уредување:**
Дејан Јовески

**Место и датум:**
Скопје, 2026 година

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

327.8:338.246.2(497.7)(047.3)

ЕКОНОМСКИ канали на странско влијание во Северна Македонија
[Електронски извор] : студија на случај. - Скопје : Институт за комуникациски студии, 2026. - (Едиција ResPublica)

Начин на пристапување (URL):
https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2026/03/ekonomski-kanali-na-stransko-vlijanie-vo-rsm_mk.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 14 стр. - Наслов преземен од екранот. -
Опис на изворот на ден 14.05.2026. - Библиографија: стр. 13-14

ISBN 978-608-4805-80-9

а) Странски влијанија -- Економски инструменти и стратегии -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 68794885

# 1. ВОВЕД

Странското мешање и манипулација со информации (СММИ) претставува организирана, намерна и често прикриена активност на државни или на недржавни актери насочена кон манипулација на информацискатa околина, заради остварување политичка, воена, економска или социјална предност. СММИ најчесто се поврзува со кампањи за дезинформации, изборни манипулации, кибернапади и тајни разузнавачки операции. Сепак, во последниве години европските институции и академските истражувања сè повеќе нагласуваат дека економските инструменти на моќ претставуваат еден од централните столбови на стратегиите за влијание, односно го препознаваат СММИ како мултидимензионален феномен што го надминува информативниот домен и опфаќа економски, правни и институционални механизми.

Северна Македонија не е исклучена од ваквите трендови. Тоа го констатира студијата Странско мешање и манипулирање со информации во Северна Македонија во која се вели дека „Иако малку третирано во Северна Македонија, странското мешање и манипулирање со информации често се преточува преку економски канали кои вклучуваат: искористување стратегиски инвестиции, економска помош, заеми и користење на слободата на пазарот за стекнување влијание врз медиумите, академските институции или политичките елити, како и користење на енергетската зависност или трговските врски за да се наметне политичка агенда“.

Европската комисија во извештајот за Северна Македонија од 2025 година забележува дека „Хибридните закани остануваат ризик за Северна Македонија, главно преку малигно надворешно мешање, употреба на економски инструменти на моќ, употреба на инструменти во информатичкиот сектор и кибернапади врз ИКТ-инфраструктурата.“ И покрај овие укажувања, во домашната јавна дебата наведените економски инструменти главно се гледаат низ призмата на соработка, односно како неутрален или чисто развоен феномен. Целта на оваа студија е да ја оспори таа претпоставка и да испита како економските инструменти – вклучувајќи стратешки инвестиции, аранжмани за приватизација, кредити за инфраструктура и енергетската зависност – можат да станат канали за странско влијание во Северна Македонија и какви се последиците од нивната примена.

Треба да се нагласи дека студијата нема за цел да се спротивстави на странските инвестиции и на стратешките соработки, туку да посочи на случаи кои можат да создадат простор за несакани влијанија преку заобиколување на воспоставената правна регулатива во земјата и добрите практики на управување. Студијата има за цел да допре до креаторите на политики во Северна Македонија и ЕУ, аналитичарите и научниците за хибридни и економски закани, организациите на граѓанското општество кои ја следат транспарентноста, корупцијата и странското влијание, истражувачките новинари и медиумите, како и до пошироката јавност.

# 2. ИСТРАЖУВАЧКО ПРАШАЊЕ

Оваа студија на случај прашува: Дали во Северна Македонија има случаи кога странските инвестиции и стратешки партнерства овозможиле економско и политичко влијание во земјата и какви последици имаат овие случаи за демократското управување?

# 3. ИЗВОРИ/МЕТОДОЛОГИЈА

Анализата во голема мера се потпира на известување од отворени извори и аналитички студии, вклучувајќи медиумски објави и истражувања (BBC Macedonian, Дојче веле, Meta.mk, Balkan Insight), академски студии (ResearchGate, Универзитет Лунд, CEPA), документи за политики (Европска комисија, Европски парламент), ревизорски извештаи (Државен завод за ревизија на Северна Македонија), анализи на невладини организации: Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), German Marshall Fund (GMF), Фондација Конрад Аденауер, International Crisis Group.

Во фокусот на оваа анализа се четири круцијални инвестициски случаи во големи инфраструктурни и енергетски проекти:

- Приватизацијата на рафинеријата „ОКТА“.
- Изградбата на гасоводна мрежа поврзана со рускиот клириншки долг.
- Автопатите финансирани од Кина (Миладиновци – Штип и Кичево – Охрид).
- Проектите од коридорите 8 и 10д што ги реализира конзорциумот „Бехтел и Енка“.

# 4. ЗАГРОЗЕНА ЕНЕРГЕТСКА СУВЕРЕНОСТ

## 4.1. ПРИВАТИЗАЦИЈА НА РАФИНЕРИЈАТА “ОКТА“

Приватизацијата на рафинеријата за нафта „ОКТА“ во 1999 година претставува еден од најраните и најзначајните примери на создавање простор за странско економско влијание во Северна Македонија. Таа следуваше по исклучително ранлив период за државата предизвикан од грчкото ембарго во 1994 – 1995 година што овозможи создавање психолошки притисок дека Грција може повторно да воведе санкции поради спорот за името на државата. Незавидната состојба во која се најде Северна Македонија (тогаш Поранешна Југословенска Република Македонија) беше искористена за влез на грчка инвестиција под контроверзни услови за кои подоцна ќе се покаже дека била на штета на државата.

Спроведена од страна на Владата на РМ предводена од премиерот Љубчо Георгиевски, продажбата на „ОКТА“ на грчката Хеленик петролеум беше формулирана како неопходен чекор кон либерализација на пазарот и регионална интеграција. Сепак, структурата на договорот за купопродажба, кој долго време беше држен во тајност, откри модел на асиметрична зависност, создавање монопол и правна исклучивост.

Патот до зделката за „ОКТА“ беше поплочен во јануари 1999 година, со донесувањето на нов Закон за приватизација, кој ја укина стандардната постапка за распишување меѓународен тендер и дозволи директни преговори со купувачот. Во овој случај, Владата преговараше само со Хеленик петролеум и ги исклучи од игра сите други потенцијални понудувачи. Во мај 1999 година беше склучен договор за купопродажба на акции, односно инвестициски договор според кој грчката компанија плати 32 милиони долари за купување на рафинеријата. Во јули 1999 година, во Македонското собрание беше донесен Законот за ратификација на Билатералниот договор меѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтоводот, во кој составен

дел е токму инвестицискиот договор за „ОКТА“, но неговата содржина не беше обелоденета пред јавноста.

Во 2002 година, Уставниот суд го укина овој Закон со образложение дека инвестицискиот договор за „ОКТА“, кој е составен дел од билатералниот договор „содржи множество привилегии и повластици за стратешкиот инвеститор коишто со ратификувањето на договорот беа озаконети.“ (Уставен суд на Република Македонија, 2002). Судот оцени дека всушност „се повредува уставното начело на еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот и се воспоставува партикуларен режим во поглед на стратешкиот инвеститор“. Дополнително, судот утврди дека на стратешкиот инвеститор противуставно „му се признава право на ослободување од плаќање данок и други јавни давачки, односно се дезавуираат овие уставни одредби и дека противуставно инвестицискиот договор за „ОКТА“ кој е дел од Законот за ратификација на Билатералниот договор меѓу Република Македонија и Република Грција не бил објавен пред да влезе во сила.

Јавноста тогаш дозна дека Владата се обврзала да ѝ обезбеди низа даночни и царински поволности на грчката компанија, монополска позиција на нафтениот пазар, како и гарантиран годишен откуп на 500.000 тони мазут во период од 20 години. Подоцна експерти тврдеа дека државата презела обврски што не може да ги исполни, бидејќи „Северна Македонија реално не може да троши толку мазут, бидејќи сите топлани се на природен гас“ (Дојче веле, 2019).

Поради неможноста да ги исполни преземените обврски од договорот за купување толкави количества мазут, односно поради одлуката на Уставниот суд земјата во два наврата беше тужена пред Арбитражниот суд во Париз. Судот во 2007 и во 2022 година за двата случаја пресуди во корист на грчката компанија и Северна Македонија мораше да плаќа отштета во износ од 40 милиони евра и 21,4 милиони евра, односно вкупен износ од 61,4 милиони евра (Meta.mk, 2022).

Во изминативе години имаше повеќе иницијативи за да се поведат постапки за кривична одговорност против лицата кои ѝ нанеле штета на државата преку склучување на неуставен договор со грчката компанија. Антикорупциската комисија во 2003 година поднесе иницијатива до Обвинителството да поведе постапка за кривична одговорност за овој случај со оцена дека станува збор за „коруптивен акт“. Сепак, иако беше отворена постапката, никогаш немаше епилог бидејќи како што изјави тогашниот јавен обвинител Александар Прчевски: „Обвинителството барало дополнителни документи за „ОКТА“ од повеќе институции, но не ги добило, поради што предметот за „ОКТА“ останал во предистражна постапка“ (BBC Macedonian, 2007; Transparency international, 2007).

### 4.1.1. ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПОСЛЕДИЦИ

Иако приватизацијата на „ОКТА“ често се дискутира во економски термини, нејзиното политичко значење лежи во тоа како ја ограничила енергетската политика на државата за време на период на акутни дипломатски тензии со Грција. Кога станува збор за економските последици – договорот ја ограничи конкуренцијата сузбивајќи ја можноста за алтернативен увоз на горива, а со тоа и го наруши домашниот пазар. Дополнително, договорот предизвика значителен фискален товар и давачки за граѓаните.

Уште поважно, „голем дел од енергетската сувереност на Македонија, всушност, беше пренесена на една фирма од соседна Грција, држава со која Македонија има неколку нерешени политички прашања“ (Меѓународна кризна група, 2002). Имено, едно од главните нерешени прашања меѓу двете земји тогаш беше оспорувањето на тогашното уставно име на државата – Република Македонија од страна на Грција, што резултираше со економски ембарга и притисок за прием во Обединетите нации под привремената референца Поранешна Југословенска Република Македонија (FYROM).

Всушност, спорот за името меѓу двете земји се совпадна со енергетската зависност што ја ограничи автономијата на преговорите на Македонија. Во институционална смисла, договорот илустрира како може да се кодифицира странското економско влијание преку обврзувачки правни аранжмани кои ги надживуваат политичките циклуси. „ОКТА“ е пример за тоа како стратешката приватизација може да функционира како канал на политичко влијание без отворена принуда. Ова се совпаѓа со концептот на „структурна моќ“, кој подразбира дека економските аранжмани може да го обликуваат опсегот на политички изводливи опции и тезата дека нетранспарентната приватизација и договори можат да служат за политичко влијание (CIPE, States and markets).

### 4.1.2. ИЗГРАДБА НА ГАСОВОД И ПРОКСИ ИНВЕСТИТОРИ ОД РУСИЈА

Руското економско влијание во Северна Македонија во голема мера е посредувано преку енергетскиот сектор. Северна Македонија е една од ретките држави во Европа која е целосно зависна од рускиот гас кој го купува од руската државна компанија „Газпром“, што ја прави енергетски ранлива и подложна на влијание (Balkan Insight, 2020). Рускиот гас се увезува преку Бугарија, односно преку интерконективната точка Ќустендил – Жидилово, каде што се споени македонскиот со бугарскиот систем за пренос на природен гас.

Истакнат случај кој отвори контроверзии во однос на можното руско влијание датира од 2010 година, кога Македонската влада предводена од тогашниот премиер Никола Груевски одлучи клириншкиот долг на Русија кон Северна Македонија од советската ера да се подмири преку договор со кој парите ќе бидат искористени за изградба на гасовод на македонска територија. Според објавата на Министерството за финансии, со договорот Македонија требаше да добие 60 милиони американски долари, што ќе бидат искористени за реализација на проектот за гасификација на земјата. Проектот и од македонската и од руската страна беше јавно врамен како форма на економска соработка и решавање на долговите (Russia Beyond, Амбасада на Руската Федерација во Северна Македонија).

Сепак, подоцнежните истраги иницираа прашања за финансиската и за правната структура на договорот. Имено, во 2018 година Специјалното јавно обвинителство отвори истрага именувана како Подарок, во која осомничени беа поранешните министри за финансии и за транспорт и врски Зоран Ставрески и Миле Јанакиески, и Крсте Миладинов, директор на државната компанија „Македонски енергетски ресурси“ АД Скопје. „Според СЈО, тие со умисла ја искористиле службената положба и овластување и за руската компанија ‘ОАД Стројтрансгас’ од Москва прибавиле противправна имотна корист во износ од 2.008.877.000 денари (близу 33 милиони евра) и во истиот износ нанеле штета на Буџетот“ (Радио Слободна Европа, 2018). Според истрагата: „Ставрески и Јанакиески биле овластени претставници за спроведување на меѓувладината спогодба, склучена на 19 јуни 2010 година во Санкт Петербург меѓу Владите на РМ и Руската Федерација за регулирање на обврските на некогашниот СССР кон поранешната СФРЈ во делот на обврските кон Македонија. Според СЈО, тие претходно имале студија за чинењето на делницата Клечовце – Штип, а иако свесни дека реалната цена е многу пониска од онаа договорена со руската страна ја прифатиле“. Имено, согласно со студијата, цената на чинење на изградба на делницата би била помеѓу 30 и 35 милиони евра.

Подоцна Јавното обвинителство, кое ги презеде предметите на СЈО, продолжи со оваа истрага, меѓутоа постапката немаше епилог со образложение дека „Обвинителството сè уште чека одговори од Русија (Вистиномер, Meta.mk).

## 4.2. СЛУЧАЈОТ НА СЕРГЕЈ САМСОНЕНКО

Надвор од енергетиката и инфраструктурата, руското влијание се манифестира и преку активностите на познати бизнисмени кои работат во Северна Македонија. Тоа е нагласено од Центарот за стратешки и меѓународни студии за руското влијание во Источна Европа насловено како „Прирачникот на Кремљ“. Во овој документ се вели дека „друг аспект е поширокото економско влијание, кое не е ограничено само на енергетскиот сектор. Ако руското политичко влијание има за цел да ги искористи слабостите во општествата во Централна и Источна Европа и да ги еродира либералните институции, тогаш руското економско влијание се стреми да манипулира со динамиката на секторскиот пазар и да ги искористи дупките во управувањето за да генерира нефер профит и да влијае врз националното донесување одлуки“.

Полскиот тинк-тенк Центар за политичка мисла, како еден од специфичните примери за руско бизнис-влијание во Северна Македонија, го посочува Сергеј Самсоненко, чии инвестиции во повеќе бизниси и во спортот му донесоа истакнат јавен профил.

„Иако не е формален државен актер на Русија, Самсоненко го отелотвори моделот на приватен капитал кој се усогласува со државните интереси преку влијание на локалните елити и обликување на јавниот дискурс. Самсоненко е милионер од руско потекло, кој пристигнал во Северна Македонија во 2006 година, а неговите главни активности се обложување („BetCity Balkans“) и спортски клубови (фудбалскиот клуб и ракометниот тим „Вардар“). Самсоненко има многу добри односи со политичката елита блиска до поранешниот премиер Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ, како и до сегашниот премиер Зоран Заев (СДСМ ), пишува во анализата на полскиот Центар за политичка мисла.

Неговото присуство се прошири во градежништвото и угостителството преку објекти како хотелот „Русија“ во Скопје и Спортскиот центар „Јане Сандански“. Сето ова, заедно со сопственоста на РК „Вардар“, создаде екосистем каде рускиот капитал станува видлив во урбаното јадро на Скопје. Посебно преку „Вардар“ кој е најголемиот национален спортски бренд и на тој начин постигна емотивно врзување на јавноста. Така тој практично си направи заштита од критики за бизнисот кој го правеше со тогашните политички елити.

Дополнително, Амбасадата на Руската Федерација во Северна Македонија во 2016 година објави дека Самсоненко е прогласен за почесен конзул на Русија во Битола. Според Центарот за политичка мисла, со оглед на тоа што станува збор за индивидуалец кој има бизниси во повеќе европски земји, тешко е да се процени во колкава мера тој ги штител руските интереси во Северна Македонија или само го штител својот бизнис-модел, „кој се базираше на блиски и нетранспарентни односи со поранешната владејачка партија и нејзината политичка елита“.

Проектите поврзани со Русија честопати се потпираа на билатерални договори и владини одлуки, наместо на отворени тендери. Оваа практика резонира со концептот на „корозивен капитал“, до степен до кој ги ослабува стандардите за набавки и го зацврстува дискреционото донесување одлуки. Во оваа смисла, руското влијание функционира не само преку материјални средства туку и преку институционална ерозија, создавајќи услови за нетранспаретни аранжмани.

Тоа го констатираа и од тинк-тенкот за истражување на јавни политики „Аналитика“, од каде што излегоа со став дека: „сите проекти договорени меѓу Русија и Македонија во енергетскиот сектор беа направени зад затворени врати без учество на јавноста, во спротивност со Архуската конвенција која Македонија ја има ратификувано, а законите кои одат во прилог на руските претпријатија беа усвоени по скратена постапка. Јасно е дека договорените проекти одат во корист на Русија, а не на Македонија“ (Аналитика).

Оттаму посочуваат дека „Македонија е многу ранлива и нејзината енергетска безбедност не е доволно стабилна поради тоа што е сиромашна со сопствени ресурси и во голема мера

зависи од увозот, а тоа се експлоатира од помоќните и богати со ресурси држави“. Всушност, стратешката важност на гасната инфраструктура се протега надвор од нејзината економска корисност. Контролата врз енергетските текови создава потенцијал за политичко влијание преку цените, условите за снабдување и долгорочната договорна зависност.

# 5. КОРОЗИВЕН КАПИТАЛ И МИНИРАЊЕ НА ЛЕГИСЛАТИВАТА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

## 5.1. ЗАЕМ ОД КИНА ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Кина е присутна во Македонија главно со проекти во јавниот сектор, вклучително јавни договори и развојна помош – грантови и преференцијални кредити („Конрад Аденауер“). Значајното економско ангажирање на Кина со Северна Македонија започна во раните 2010-ти, што се совпадна со пристапувањето на земјата кон Платформата за соработка Кина – Централна и Источна Европа (ЦИЕ). Периодот по 2012 година означи квалитативен пресврт од трговија кон финансирање на инфраструктурата поддржано од Кина. Оваа транзиција ја одразуваше поширокатa стратегија на Пекинг во рамки на иницијативата „Еден појас, еден пат“ (Патот на свилата) – инфраструктурни коридори како инструменти за геоекономска поврзаност и политичко влијание.

Македонија стана првата земја во регионот што ја искористи кредитната линија од 10 милијарди долари на кинеската банка EXIM за изградба на инфраструктура во ЦИЕ. Беа избрани две автопатски делници: Миладиновци – Штип и Кичево – Охрид, со вкупна должина од приближно 100 километри. Студијата на Lund University насловена “North Macedonia’s response to hybrid threats and malign foreign influence and interference“ забележува дека европските кредитори претходно ги отфрлија овие проекти како економски неодржливи, што ја зголеми привлечноста на кинеското финансирање.

Македонската влада ја додели изградбата на „Синохидро корпорејшн лимитед“ од Пекинг („Синохидро“), кинеско претпријатие во државна сопственост по преговори и постапка кои, според студија на Институтот за демократија „Социетас Цивилис” – Скопје (ИДСЦС) биле нетранспарентни: „Во договорите со ‘Синохидро’ имаше целосен недостиг од транспарентни, конкурентни постапки за јавни набавки. Овие договори беа направени преку директни и необелоденети преговори помеѓу Кинеската и Македонската влада“.

Договорот за економска и техничка соработка во областа на инфраструктурата меѓу владите на Република Северна Македонија и НР Кина потоа стана дел од националното законодавство на Северна Македонија преку изгласување Закон за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патната делница Миладиновци – Штип и патната делница Кичево – Охрид во 2013 година, кој потоа беше дополнуван поради пролонгирање на градежните работи.

Имено, делницата Штип – Миладиновци беше завршена само со мало задоцнување и без поголеми контроверзии, но изградбата на автопатот Кичево – Охрид не се одвиваше непречено и во согласност со проектираните рокови и износи, отворајќи сериозни прашања поврзани со планирањето, подготовката и извршувањето на проектот (Lund University, 2024).

Иако изградбата започна во мај 2014 година, сериозните структурни недостатоци поврзани со проектната документација и административните процедури предизвикаа сериозно задоцнување, иако проектот првично требаше да биде завршен во 2019 година.

За овој случај истрага под име „Траекторија“ водеше и Специјалното јавно обвинителство кое во 2017 година поднесе обвинителен акт против премиерот Никола Груевски и уште тројца високи државни функционери. Меѓутоа, поради измени на Кривичниот законик, делата во 2023 година застареа и обвиненијата беа повлечени (360 степени, 2023).

Истата година, Државниот завод за ревизија, по контрола на работењето на ЈП за државни патишта, укажа на низа недоследности кои довеле до пролонгирање и зголемување на трошоците за изградбата на автопатската делница Кичево – Охрид меѓу кои:

- Во периодот од мај 2018 година до декември 2021 година донесени се пет измени на основниот договор за изградба на патната делница, при што биле склучени анекси кон договорот.
- Со анексите, пролонгиран е крајниот рок за завршување на изградбата за 6 години, односно определено е изградбата да заврши до декември 2023 година, а за изведување на дополнителните и непредвидени работи, зголемена е вредноста на основниот договор за 187 милиони евра, поради што вредноста на изградбата на патната делница изнесува вкупно 598 милиони евра.
- На таков начин договорената цена на чинење на еден километар патна делница од 7,3 милиони евра, била зголемена за 44 % и изнесува 10,5 милиони евра (ДЗР).

Всушност, автопатот Кичево – Охрид во времето на пишување на оваа публикација (февруари 2026 година) сè уште не е завршен. Со нов анекс-договор, осми по ред, рокот за изградба беше пролонгиран до мај 2027, а цената зголемена за плус 186 милиони евра.

### 5.1.1. ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПОСЛЕДИЦИ

Кинескиот заем стана своевиден преседан во македонското законодавство поради рекордниот број анекси на првичниот договор. Дополнително, проблематична е таинственоста на преговорите за доделување на заемот, што создава сомнеж за намерно одолговлекување на изградбата на штета на државниот буџет и македонските граѓани.

Според ИДСЦС: „Корозивниот капитал испреплетен во ваквите инвестиции ја поткопува довербата во институциите, го ослабува владеењето на правото, промовира нетранспарентност и има за цел да наметне моќ на монопол врз огромни сегменти од економијата“.

Иако условот за кинескиот заем за изградба на патната инфраструктура во Северна Македонија беше доста конкурентен и поволен, со фиксни каматни стапки од 2 % и 20-годишна отплата што вклучува 5-годишен грејс период, сите договори за заем склучени со кинеската банка EXIM содржат одредби што ги стават сите засегнати страни во инфериорна позиција, како што е клаузулата за едностране прекинување на договорот, откажување на заемот и барање за итна отплата во широк спектар на околности (Estima, 2022). Главната политичка добивка за Кина во големите инфраструктурни заеми е зависноста во надворешните работи и донесувањето одлуки во име на земјите примачи (Journal of Liberty and International Affairs, 2022). Северна Македонија не е исклучок од стандардниот модел на кинеските договори за заем. Во овој контекст, проектот за изградба на автопат ја поврзува Северна Македонија со Кина на асиметричен начин што ѝ обезбедува на Кина значителна предност во билатералните односи.

Во однос на геостратешкиот интерес на Кина за Северна Македонија и просторот за економски влијанија, треба да се нагласи дека Северна Македонија лежи на транспортната

оска што го поврзува пристаништето Пиреа во Грција, кое е под кинеска контрола, со Централна Европа. Така, инвестициите во инфраструктурата во македонските автопатишта служат и за комерцијална логистика и за геополитичко позиционирање.

## 5.2. СЛУЧАЈ „БЕХТЕЛ И ЕНКА“: СТАР РЕЦЕПТ, НОВИ ИГРАЧИ

Вообичаено кога се зборува за СММИ и посебно за странско економско влијание во регионот за Западен Балкан, како главни актери се споменуваат Русија и Кина. Затоа специфичен е случајот на „Бехтел и Енка“, американско-турски конзорциум кој од Владата предводена од премиерот Зоран Заев беше избран за изградба на автопатски делници од коридорите 8 и 10д во Северна Македонија повторно со заобиколување на постоечката регулатива и добрите практики за јавни набавки.

Имено, како што констатира Државниот завод за ревизија во јули 2021 година, на предлог на Владата, Собранието го изгласа Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, врз основа на кој се именува конзорциумот „Бехтел и Енка“ за стратешки партнер, а ЈП за државни патишта за инвеститор при изградба на коридорите.

Во март 2023 година потпишан е договор за градење помеѓу стратешкиот партнер, инвеститорот и Министерството за транспорт и врски, во име и за сметка на Владата, во однос на менаџирање на проектирањето, изградбата на работи и подготовка на потребната проектна документација во врска со Коридорот 8 и Коридорот 10д. Предвидено е финансиските ресурси за реализација на проектите да се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во форма на трансфер до инвеститорот или „од кој било друг извор во согласност со важечките закони“ (ДЗР).

Станува збор за една од најголемите инвестиции во патната инфраструктура во земјата со вкупна вредност на договорот од 1,3 милијарди евра или приближно 80,2 милијарди денари во постапка која повторно беше обвиена во нетранспарентност и која продолжи да трае и по промената на власта, а со образложение дека станува збор за државна тајна (МИА). Дополнително, за полесна реализација на проектите беа менувани низа постоечки закони (Prizma).

За овој случај Националната фондација за демократија од САД и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ објавија документ за политики (ИДСЦС, 2023) во кој се констатираат низа системски пропусти: „Соочени со потенцијална блокада во Собранието, по поднесените предлог-измени на повеќе закони во 2023 година, со цел усогласување со Законот за коридорите 8 и 10д, Владата донесе одлука за користење европско знаменце за овие предлози. Овој модалитет се користи за усогласување на домашното законодавство со правилата на ЕУ и овозможува побрза постапка во Собранието. Основата за ова е фактот дека се работи за усогласување, па просторот за девијација од европското законодавство е помал, па Собранието во голема мера може да дискутира помеѓу отфрлање и прифаќање на усогласувањето, а во далеку помала мера за измена на правилата“.

Меѓутоа, во документот се констатира дека поднесените предлог-закони не упатуваат на конкретно усогласување со европската регулатива во предметната област. Сите предлог-измени на закони посочуваат на регулатива на Европскиот парламент 1315/2013 и нејзино дополнување со која се утврдуваат дефиниции и стандарди за транспортната инфраструктура во ЕУ како и дефиниции на коридорите на кои ќе се работи.

„Во посочената регулатива нема содржина која уредува области од работните односи, градежништвото и урбаното планирање и заштитата на животната средина. Со ова Владата реферирала на нерелевантна европска регулатива, означувајќи ги предлог-измените со европско знаменце“, се наведува во документот.

Дополнително од ИДСЦ и НЕД укажуваат дека и покрај барањето од Државната комисија за спречување корупција за вето на спорната регулатива, Претседателот на државата го потпишал Законот за коридорите 8 и 10д во 2021 година, со образложение дека ниту еден пратеник во Собранието не гласал против. „Претседателот требало да ги цени сите претходни пропусти, нетранспарентноста, отсуството на консултации и забрзани процедури, и при носење на Законот за коридорите 8 и 10д, како и измените на погореспоменатите закони во 2023 година, носени заради усогласување“ (ИДСЦС, НЕД).

Во документот се потенцира дека случајот со носењето на Законот за коридорите 8 и 10д покажува како четири контролни точки во процесот последователно не успеваат да обезбедат интегритет при носење на одлуките: „Приватниот интерес на конзорциумот влегува непречено во процесот на носење одлуки во Владата, каде што се занемаруваат и закони и деловник за работа. Собранието не ја остварува својата контролна и консултативна улога, туку занемарувајќи го сопствениот деловник за работа овозможува суштествени пропусти при носењето на дискутираните закони. Последната точка, на патот на една идеја до влегување на закон во сила, Претседателот ги занемарува сите претходно акумулирани пропусти и не ја користи својата улога на контратежа во процесот на носење одлуки“.

# 6. ЗАКЛУЧОК

Оваа студија покажа дека странското мешање и манипулација со информации (СММИ) во Северна Македонија не се ограничуваат на медиумски и хибридни операции, туку се остваруваат и преку економски инструменти кои имаат долгорочни политички и институционални ефекти. Преку анализата на случаите на приватизацијата на „ОКТА“, гасоводните проекти поврзани со Русија, кинеските инфраструктурни заеми и проектите кои ги реализира „Бехтел и Енка“, се утврдува дека економските ангажмани можат да функционираат како канали на влијание, особено кога се реализираат преку нетранспарентни договори, исклучоци од стандардните процедури за јавни набавки и посебни законски режими.

Емпириските наоди укажуваат дека овие механизми произведуваат три клучни последици. Прво, тие создаваат структурна зависност – во енергетскиот сектор преку монополски или квазимонополски позиции, а во инфраструктурата преку долгорочни финансиски обврски што ја ограничуваат фискалната и политичката автономија на државата. Второ, тие поттикнуваат институционална ерозија, бидејќи се реализираат преку заобиколување на јавните набавки, селективна примена на законите и ослабен парламентарен и судски надзор. Трето, тие влијаат врз политичките процеси индиректно, преку обликување на опсегот на можни јавни политики и преку создавање асиметрични односи на моќ меѓу државата примател и странските актери.

Посебно значаен аналитички придонес на оваа студија е надминувањето на дихотомијата меѓу „добар“ и „лош“ странски капитал. Случајот „Бехтел и Енка“ покажува дека дури и инвестиции поврзани со западни партнери можат да произведат ефекти слични на оние на таканаречениот корозивен капитал, доколку се спроведуваат во услови на нетранспа-

рентност, правни исклучоци и ограничен демократски надзор. Оттука, проблемот не лежи исклучиво во геополитичкото потекло на капиталот, туку во моделот на управување и во институционалната рамка во која тој се вградува.

Импликациите за јавните политики се значајни. Доколку Северна Македонија сака да ја зајакне својата отпорност кон странско влијание, неопходно е да се зајакне домашната рамка на управување преку која таквите проекти се преговараат, се одобруваат и се спроведуваат. Тоа подразбира враќање на приматот на транспарентните и конкурентни јавни набавки, зајакнување на парламентарниот, судскиот и ревизорскиот надзор над стратешките економски проекти, како и вклучување на проценки на ризик од странско влијание во разгледувањето на големи инвестиции, особено во енергетската и инфраструктурната политика. Ваквите мерки со години ги застапуваат граѓански организации и јавнополитички актери во земјава, но нивната институционализација останува ограничена. Вклучувањето на овие мерки е исто така важно затоа што тие ја нагласуваат централната поука од случаите анализирани во оваа студија: кога крупни економски проекти се реализираат без транспарентност, надзор и отчетност, тие лесно можат да прераснат во инструменти на политичко влијание.

Конечно, оваа студија сугерира дека СММИ треба да се разбира како мултидимензионален феномен, во кој економските инструменти се подеднакво важни, како и информациските операции. Во контекст на Северна Македонија, странските економски ангажмани не се нужно проблем сами по себе, но стануваат ризични кога се реализираат без транспарентност, без јавна дебата и без силни институционални механизми за контрола.

Оттука, разликата меѓу развојно ориентирана соработка и економско присуство ориентирано кон влијание не е во изворот на капиталот, туку во квалитетот на домашното управување.

# 7. ИЗВОРИ:


1. Институт за комуникациски студии (2025) Странско мешање и манипулирање со информации во Република Северна Македонија. Скопје: Институт за комуникациски студии.
2. Уставен суд на Република Македонија (2002) Одлука за укинување на Законот за ратификација на Билатералниот договор меѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтовод. Скопје: Уставен суд на Република Македонија.
3. International Crisis Group (2002) Македонска јавна тајна: Како корупцијата ја влече земјата надолу. Извештај за Балканот бр. 133. Брисел: International Crisis Group.
4. BBC News на македонски, Постапка околу одговорноста за „ОКТА“.
5. Deutsche Welle, Договорот за „ОКТА“ е историја... А сметките?
6. Службен весник на Република Македонија (1999) Указ / Закон за ратификација на Билатералниот договор меѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтовод. Скопје: Службен весник на Република Македонија.
7. Center for International Private Enterprise (n.d.) Corrosive & Constructive Capital Initiative. Вашингтон, DC: CIPE.
8. Strange, S. (1988) States and Markets: An Introduction to International Political Economy. Лондон: Pinter Publishers.
9. Meta.mk, И Обвинителството на нишан околу пресудата за отштета на „ОКТА“.
10. Meta.mk, Повторно ќе плаќаме отштета поради штетниот договор за „ОКТА“ – овојпат 21,4 милиони евра.
11. Transparency International Македонија (2007) Договорот за продажба на ОКТА може да се поништи. Скопје: Transparency International Македонија.
12. Министерство за финансии (2010) Македонија и Русија го потпишаа договорот за клириншкиот долг. Скопје: Министерство за финансии.
13. Russia Beyond, Руска компанија за 75 милиони долари ќе изгради гасовод во Македонија.
14. Радио Слободна Европа (2018) СЈО отвори шест нови истраги – опфатени Бујар Османи, Зоран Ставрески, Игор Јанушев.
15. Амбасада на Руската Федерација во Северна Македонија, VI седница на Меѓувладината Руска-Македонска комисија за трговско-економска и научно-техничка соработка.
16. Balkan Insight, Balkan Countries ‘Still Heavily Dependent on Russian Gas’.
17. Вистиномер, Четири години „подарокот“ од 33 милиони евра за рускиот гасовод сè уште е во истрага.
18. Center for Strategic and International Studies (2016) The Kremlin Playbook. Washington, DC: CSIS.

19. Vit, M., Russian Influence in Western Balkan and North Macedonia. Kraków: Ośrodek Myśli Politycznej.
20. Амбасада на Руската Федерација во Северна Македонија (2016) Назначен нов почесен конзул на Русија во Битола. Скопје: Амбасада на Руската Федерација во Северна Македонија.
21. Analytica, Руската (гасна) врска – како Македонија ги склучуваше договорите. Скопје: Analytica.
22. Konrad Adenauer Stiftung, Местото на Северна Македонија во стратегијата на Кина за Западен Балкан.
23. 360 степени (2023) Измените на КЗ ја запреа и кривичната постапка за случајот „Траекторија“ – Груевски, Јанакиески и Пешевски нема да одговараат за кинеските автопати. Скопје: 360 степени.
24. Krstinovska, A. (2022) Втурнати во ќорсокак: заблудената верба во кинескиот корозивен капитал за изградбата на автопатите во Северна Македонија. Скопје: ESTIMA.
25. Krstinovska, A. (2022) China's Aid in the Western Balkans: Supporting Development, Undermining Good Governance. Прага: Association for International Affairs / CHOICE.
26. Daskalovski, Z. and Damjanovski, S. (2024) Psychological Defence and Strategic Resilience: North Macedonia's Response to Hybrid Threats and Malign Foreign Influence and Interference. Working Paper 2024:2. Лунд: Lund University Psychological Defence Research Institute.
27. Собрание на Република Северна Македонија (2021) Закон за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија. Скопје: Собрание на Република Северна Македонија.
28. Misha Popovikj (2023) Интегритет при носење одлуки: Системски пропусти во случајот „Бехтел и Енка“. Скопје: Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.
29. MIA (2024) Nikoloski: Can't declassify Bechtel-Enka contract without their approval, goal is to maximize the kilometers of motorway we get. Скопје: Македонска информативна агенција.
30. Државен завод за ревизија (2021) Конечен извештај на Државниот завод за ревизија на ЈП Државни патишта. Скопје: Државен завод за ревизија.
31. Dimeska, F. and Jakimova, J. (2023) За изградбата на коридорите на „Бехтел и Енка“ ќе се менуваат девет закони

